СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
Од продолжението на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 6 јули 1991 година

Скопје, јули 1991 година

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од продолжението на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 6 јули 1991 година

Седницата продолжи во 18,40 часот.

Со седницата раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Продолжуваме со работа по дневниот ред за Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија што беше прекината заради усогласување на текстот на Предлогот на заклучоците.
Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека пратеничките групи од политичките партии, со исклучок на оние пратеници од Пратеничката група на ПДП НДП, застапени во Собранието подготвија усогласен текст на Предлогот на заклучоците.

Предлогот на заклучоците Ви е поделен.

Пратеникот Тодор Петров достави Предлог на заклучоци кои исто така Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Доста Димовска.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, сметам дека должиме едно објаснување околу барањето за продолжување на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеничките групи кои учествуваа во договорите околу Предлогот на заклучоците во состав на претставници на Социјалистичката партија на Македонија, Сојузот на реформските сили на Македонија, СДМС и ВМРО-ДПМНЕ постигнаа согласност. Во барањето за седницата доставува исто така Социјалистичката партија на Македонија едно објаснување дека Предлогот на заклучоците е доставен подоцна на претставниците на ПДП НДП и на претставниците на останатите партии во Парламентот. Откако овие барања се доставени, подоцна Пратеничката група на ПДП НДП се приклучила кон поддржувањето на Предлогот на заклучцоите и го потпишала барањето. Ова го кажувам заради објективно информирање.

СТОЈАН АНДОВ:

Меѓутоа, ние ја прифаќаме иницијативата на оние партии кои учествуваа во расправата и кои го усогласиле текстот на заклучоците. Ова не ги обврзува ништо пратениците на ПДП НДП од причина што ми кажаа дека тие не се состанеле да расправаат по заклучцоите.

-Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, по однос на предложените заклучоци имам една мала забелешка во однос на став 2 од точката 2. Сметам дека тој не треба да постои во заклучоците кои треба да ги усвоиме денес, бидејќи тој факт е веќе решен. Тука стои:

"За таа цел Собранието смета дека е неопходно итно да се конституира Претседателството на СФРЈ согласно уставните одредби и редоследот за избор на претседател и потпретседател утврден со Деловникот на Претседателството на СФРЈ"

Тоа е веќе завршено и не треба да стои во заклучоците бидејќи ги донесуваме многу подоцна од денот кога расправавме.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Ви укажувам дека ви е поделен и текстот на заклучоците што ги предложил господинот Тодор Петров. Меѓутоа, јас не сум известен од пратеничките групи дали тие повеле постапка за усогласување на тој текст и како би се третирал тој. Овој е усогласен текст.
Дали господинот Петров инсистира да се изјаснуваат по него.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Со оглед на тоа што настаните што уследија после усогласувањето на овие заклучоци наметнаа нови состојби во Републиката заради што овој Парламент е потребно да ја утврди позицијата на Република Македонија во актуелната политичка состојба во земјата, сметам и ценам дека нивното усвојување и прифаќање како заклучок на ова собрание во овој момент е од извонредно значеше за сегашноста и иднината на Републиката. Доколку Собранието тоа го прифати, би можел по истите да се изјаснува, иако доколку не се усвојат на ова продолжување на Осумнаесеттата седница, после излагањето на господинот Васил Тупурковски, сметам дека постојат доста елементи и точки кои се од битен карактер и од значење за изградување на јасна позиција на Република Македонија во овој тримесечен мораториум во кој што Републиката мора јасно да ја утврди својата позиција

и својата иднина во југословенската заедница или во евентуалното раздружување со заедничка согласност на републиките од таа заедница.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали јас можам сега да растолкувам така дека не треба сега на изјаснување да ги даваме овие заклучоци, туку тие да бидат во прилог на расправата, па потоа кога ќе се прават евентуално ставови од расправата по излагањето на Васил Тупурковски на наредната седница, тогаш да ги земеме предвид.

Дали може така да се согласиме? (Да).

Дали уште некој друг бара збор во врска со овој усогласен текст на заклучоците? (Никој).

Бидејќи никој друг не абра збор предлагам амандманот на господинот Ефтим Манев да се усвои.
Кој е за предлогот на господинот Манев да се брише ставот 2 на точката 2, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

-Дали има некој против? (Нема).
-Дали некој се воздржува од галсање? (Никој).
Со тоа е утврден конечниот текст на заклучоците.
Предлагам по него да се изјасниме.
-Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
-Дали некој се воздржува од гласање? (четири пратеници)
-Дали има некој против? (Нема).
Констатирам дека со четири воздржани гласови се усвоени заклучоците.
Со ова ја завршувам Осумнаесеттата седница.
(Седницата заврши во 18,45 часот)